

# „Уметноста од утробата“ на Хаџи-Василева ја бранува и британската уметничка јавност





*Дневен весник (Ед. бр. 23833)*
**ЛИК**
17.08.2016 14:01
411

**Онаму каде што естетското го пресретнува гастритичното - се зборовите со кои лондонски „Гардијан“ ја опишува вчудовидувачката убавина на делата на македонската уметница Елпида Хаџи-Василева, која месецов ќе се претстави со својата изложба во Нотингем, Велика Британија. Хаџи-Василева е позната како авторка што е фасцинирана од мистериите на внатрешните органи, особено дигестивниот систем**

Македонска уметница Елпида Хаџи-Василева ќе се претстави со избор од свои најнови дела во галеријата „Цаногли“ во Нотингем на крајот од овој месец. На изложбата, поделена во три дела, таа ќе ги прикаже своите невообичаени и амбициозни инсталации, пишува лондонски „Гардијан“.

Британскиот весник подвлекува дека Хаџи Василева е специјализирана за „интервенции“ со мешана техника во јавни објекти и простори, а новата изложба „Создавање убавина“ вклучува две претходни големи дела, заедно со трета секција во која се изложени нејзините најнови скулптури.

Најинтригантниот и највознемирувачки аспект на изложбата е што повеќето од делата се изработени од уметнички преработени животински утроби, внимателно зачувани и употребени до фасцинантен, декоративен ефект.
- Лесно е да се зачува кожата, но кога се работи за другите органи, тоа е сосема поинаку бидејќи тие се распаѓаат, без оглед на тоа што ќе направите со нив - вели уметницата за угледниот весник.

Хаџи-Василева е позната како авторка што е фасцинирана од мистериите на внатрешните органи, особено дигестивниот систем, а органските материјали се дел од речиси сите нејзините досегашни инсталации.
- Ме привлекува фактот што е мошне тешко да се зачува „жив“ орган. Морав да најдам сопствен метод за да ја зачувам утробата - подвлекува таа.

Овој метод можеби најдобро е прикажан во делото наречено „Харуспекс“, кое беше нарачано за ватиканскиот павилјон на минатогодишното Венециско биенале. Тантелната завеса што го опкружува просторот, со тенка и деликатна филигранска изработка, всушност е раширена мембрана од свинска утроба. Тенки конци од овча утроба ги поврзуваат овие ѕидови со средишната, плетена сфера изработена од внимателно зачувана утроба на крава (третиот стомак, поточно, орган што порано бил познат како „библија“ поради неговите набори што личат на страници).

Делото „Харуспекс“ ќе биде изложено во втората од трите сали на поставката „Создавање убавина“.
„Харуспекс“, всушност, е латинско име на римски свештеник чија задача била да ја предвиди иднината од утробата на жртвуваните ѕверови.
Во првата сала, која е долга просторија со низок таван, ќе биде изложено делото „Кршливост“, кое првично беше поставено лани во галеријата „Фабрика“ во Брајтон. Повторно станува збор за свинска утроба, но во овој случај имаме вешто изработени знамиња од балсамирани свински марамчиња. Тие се закачени на таванот во уредно наредени завеси, кои светкајќи по жилестите површини, според уметницата, ја имитираат светлината што ја опишуваат оние што ѝ погледнале на смртта во очи.
- Има една невообичаена миризба кога ќе влезете во галеријата. Некои можеби нема да ја забележат, но јас би сакала посетителите да се соживеат со делото со сите нивни сетила - вели Хаџи- Василева.

Завесите се нишаат со движењето на воздухот и толку се деликатни што изгледаат како да ги следат минувачите додека шетаат низ галеријата. Ова чувство на движење, на реанимација, е збогатено со однесувањето на материјалите кога ќе заврши инсталацијата. „Во зависност од влажноста и температурата на изложбениот простор, материјалите забележливо се виткаат и се поместуваат како ткивото да сака самото да го зачува сопствениот живот“, пишува Гардијан.
- Тие не се како типичните скулптури - вели Хаџи-Василева и притоа дискутира за непредвидливата природа на нејзините дела чиј посмртен живот, барем до одреден степен, не е во нејзини раце.

Хаџи-Василева е позната и како уметница со силна фасцинација кон науката чии најнови дела, финансирани од медицинската фондација „Велкам траст“, ја следат работата на лекарите и на медицинските научници на три универзитети.
- Сè е поврзано со стомакот и со внатрешните органи - вели таа за своите скулптури што ќе ја пополнат третата и наедно последна просторија на изложбата „Создавање убавина“.

Хаџи-Василева е фасцинирана од визуелната стимулација во медицинските процедури што се користат за дијагностицирање и третирање дигестивни болести и се инспирира токму од овие процедури за да создаде „многу убави“ уметнички дела.
Д-р Џајлс Мејџор, помошник-професор на биомедицинскиот истражувачки оддел за дигестивни болести на Универзитетот во Нотингем, соработуваше со уметницата за време на неколкуте нејзини истражувачки проекти.

- Вклученоста на уметникот помага проблемите со кои се среќаваме да се разгледаат на друг начин. Одлично се согласуваме, сметавме дека таа може да ни помогне, но и ние неа. Се обидуваме да го сублимираме човечкото искуство, кое мислам дека е важна поента на уметноста - вели тој.

Скулптурите на Хаџи-Василева се резултат на две години поминати во разговори со пациенти, следење ендоскопии и проучување снимки од магнетна резонанца на дигестивниот тракт.
- Сè уште не сум го видел резултатот, но би сакал тој резултат на некој начин да биде предизвик за начинот на кој размислуваме ние научниците - вели Мејџор.

Изложбата ќе вклучува надуени стомаци со додатоци од дрво, цртежи што го претставуваат движењето на внатрешните органи претставени со бакарна жица, дури и една скулптура каде што посетителите мораат да влезат со главата во внатрешноста и во која е поставен дигитален тонски запис.

Многу од овие делови повторно се изработени од зачувани органи од добиток, материјали што инаку би се фрлиле. Хаџи-Василева не смета дека се за фрлање необичните, па дури и одбивни аспекти на овие материјали и сака ја открие убавината, „без разлика каква и да е“, во најскриените делови од нашите умови и тела.

- Наоѓам убавина и на најбизарните места. Дури и туморот со неговите бои и текстури има сопствена убавина - вели таа.
Изложбата на Елпида Хаџи-Василева во галеријата „Џаногли“ во Нотингем ќе биде отворена од 20 август до 30 октомври оваа година.

Хаџи-Василева е родена во Кавадарци, во 1971 г., магистрирала скулптура на Кралскиот колеџ во Лондон, а учествувала на голем број меѓународни изложби. Повеќе години живее и работи во Брајтон, Велика Британија. Таа ја претставуваше и Република Македонија на 55-ти Биенале во Венеција во 2013 г., со проектот „Кожата е идентитет и површина за проекција - репрезентација на душата“, проект мултимедијална презентација за чумата во 14 век во Европа, во кој користеше органски материјали и кожа од животни.

Хаџи-Василева лани беше избрана да го претставува Ватикан на Венецискиот биенале со монументалната инсталација со наслов „Хаурспекс“, на тема „Прологот на Евангелието на св. Јован и добриот самарјанин“.
Таа беше првиот уметник од Македонија што е избран да претставува друга земја, а не матичната, на најпрестижната изложба на современа уметност во светот.

**М.П.Г.**